Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година

Скопје, мај 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и четвртата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 мај 2025 година**

Седницата започна во 14:10 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем и Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација.

На седницата присуствуваше и Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан

Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за степен на реализација на проектите од програма за работа на Владата (2024 - 2028), со табеларен приказ

2. Информација за степен на реализација на заклучоците донесени на седница на Владата, со прилог

3. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози Предлагач: Генерален секретаријат на Владата на МКД

4. Прашања и предлози

5. Информација за најава на преземање на Претседателството со Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион од страна на Република Северна Македонија

6. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање за Интерег програмата (ИНТЕРЕГ 6-Ц) Интерег Европа 2021-2027 (ЦЦИ 2021ТЦ16РФИР001)

7. Придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година, со прилози

8. Информација за потреба за основање на Факултет за медицински науки и здравство при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

9. Информација за обезбедување на буџетско учество за реализација на Заемот за изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта

10. Информација во врска доставеното Барање за спогодбено раскинување на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84 и МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со прилози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на проектите од програма за работа на Владата (2024 - 2028), со табеларен приказ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за европски прашања во рок од три дена да организира координативен состанок со претставници на Министерството за јавна администрација, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, со цел усогласување на забелешките и коментарите од релевантните државни институции кои се однесуваат на програмата за работа на ЕУ Академијата која ќе има за цел континуирано следење и јакнење на капацитетите во пристапниот процес за подобра искористеност на европските фондови, како и размена на добри практики и знаење со центрите за ЕУ обука на земјите кандидатки и земјите членки во Европската Унија.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди и обезбеди финансиски средства за уплата на националната контрибуција согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Швајцарската амбасада, а во насока на реализација на активностите од Програмата за управување, користење и заштита на подземните води.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Управата за водостопанство и АД Водостопанство на Република Северна Македонија, рок од седум дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за прогрес и план за работа на работната група формирана за изработка на законски решенија за усогласување на надлежностите на водостопанските претпријатија.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Управата за водостопанство и АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, рок од седум дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за прогрес и план за работа на работната група формирана за изработка на акциски план за реконструкција и изградба на нови системи за наводнување и водостопанска инфраструктура.

5. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, во рок од пет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави писмено образложение за

доцнењето и не доставувањето на Предлогот на закон за безбедност на храната за животни во владина процедура како и да достави нов рок за доставување на законското решение во владина процедура.

6. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од десет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави ажуриран календар за објава на јавни огласи за реализација на мерките предвидени во Програмата за измена на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година.

7. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од десет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за степен на реализација, исплатени финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

8. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од десет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за степен на реализација, исплатени финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на земјоделството.

9. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во рок од десет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за степен на реализација, исплатени финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултура.

10. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од десет дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за степен на реализација, исплатени финансиски средства од Програмата за водостопанство.

11. Се задолжува Министерство за култура и туризам, во рок од седум дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за динамиката на

реализација на Проектот „Централна конзерваторска лабараторија" од Програмата за работа на Владата 2024- 2028 година.

12. Се задолжува Министерство за култура и туризам, во рок од седум дена, до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, до Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за прогресот на Национална комисијата за изработка на програма за заштита на македонски географски називи и трговски марки на производите.

13. Се задолжува Министерството за финансии до 25.5.2025 година, да одржи средба/и помеѓу министерот за финансии заедно со сите раководители на сектори и државни советници од Министерството за финансии со Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, предлагачите на проектите од Програмата на Владата и релевантните институции за секој од проектите, со цел да се утврдат прецизни насоки за реализација на 23 проекти и да се забрза процесот на реализација на 17 други проекти за кои постои минимално или значително задоцнување во реализацијата и за резултатите од овие средби да достави информација до Владата, најдоцна до 5.6.2025 година.

14. Се задолжува Министерството за економија и труд да оствари средба со генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, со цел да се утврди финален текст на измените на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, најдоцна до 25.5.2025 година и за резултатот од средбата да ја извести Владата до 1.6.2025 година.

15. Се задолжува Министерството за економија и труд до Владата и до Секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, да достави информација за потребните човечки ресурси и капацитети со цел да се обезбеди тековно функционирање на министерството и навремена реализација на проектите од Програмата на Владата, Реформската агенда, како и проектите од Стратешкиот и Годишниот план на Министерството за економија, најдоцна до 25.5.2025 година.

16. Се задолжува Министерството за економија и труд да формира работни групи поврзани со носење и/или измена на законските текстови кои произлегуваат од Програмата на Владата и Реформската агенда, најдоцна до 25.5.2025 година, при што освен релевантните министерства и институции да биде побарана номинација и на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата.

17. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, да постапи по заклучоците усвоени на седницата на Владата, одржана на 22.4.2025 година.

18. Се задолжува Министерството за правда до Канцеларијата на претседателот на Владата да испрати Барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата за член на работна група формирана за измени и дополнувања на Законот за медијација, во рок од пет дена.

19. Се задолжува Министерството за правда до Канцеларијата на претседателот на Владата да испрати Барање за номинација на претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата, за член на работна група формирана за измени и дополнувања на Законот за вештачење, во рок од пет дена.

20. Се задолжуваат сите министерства при првата наредна измена на законите од нивна надлежност, со кои закони се пропишува формирање на работни групи, комисии или советодавни тела за кои се предвидува платен надоместок, да предложат законски измени со кои се укинуваат надоместоците, а во исклучителни случаи кога работниот ангажман тоа го налага да се предвидат месечни надоместоци, најмногу до една десетина од просечната месечна нето плата.

Истовремено, Владата ги задолжи сите надлежни министерства/институции до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достават ажуриран преглед во однос на проектите од Програмата за работа на Владата.

<u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на заклучоците донесени на седница на Владата, со прилог, ја усвои и ги задолжи ресорните министерства, најмалку пет дена пред одржување на закажаната тематска седница на Владата (секој прв вторник во месецот), до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставуваат табеларни прегледи за степенот на реализација на заклучоците донесени на седниците на Владата.

Истовремено, се задолжува Министерството за јавна администрација да одржи координативен состанок со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во однос на реализација на заклучоците на Министерството.

<u>Точка 3</u>

Владата ги разгледа Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози, како материјал за информирање.

<u>Точка 4</u>

1. Владата по однос на точка 10, Информација во врска доставеното барање за спогодбено раскинување на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со прилози, разгледана на оваа седница на Владата, заклучи формираната

комисија да ја разгледа документацијата за договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи и до Владата да достави предлог за соодветно постапување по истите.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за најава на преземање на Претседателството со Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион од страна на Република Северна Македонија, ја усвои и ги задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам и Министерството за социјална политика, демографија и млади да се вклучат во подготовката на програмата со приоритети за претседавањето со ЕУСАИР од страна на Република Северна Македонија, со вклучен календар на активности во најкус рок.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање за Интерег програмата (ИНТЕРЕГ 6-Ц) Интерег Европа 2021-2027 (ЦЦИ 2021ТЦ16РФИР001), со усогласен текст на Спогодба и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање за Интерег програмата (ИНТЕРЕГ 6-Ц) Интерег Европа 2021-2027 (ЦЦИ 2021ТЦ16РФИР001).

2. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање за Интерег програмата (ИНТЕРЕГ 6-Ц Интерег Европа 2021-2027 (ЦЦИ 2021ТЦ16РФИР001).

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, соодветно да ги планира и обезбеди средствата за национално ко–финансирање по основ учество во Интерег програмата (ИНТЕРЕГ 6-Ц) Интерег Европа 2021-2027 (ЦЦИ 2021ТЦ16РФИР001), вклучително средствата за прво ниво на контрола на одобрените проекти и ко-финансирање на учеството на крајните корисници од Северна Македонија во одобрените проекти, во рамки на одобрениот буџет во соодветната фискална година, а согласно утврдените максимални износи на расходи во наредниот среднорочен период во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 7

Владата го разгледа Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година, со прилози, го утврди и го задолжи Министерството за европски прашања да го достави Придонесот на Република Северна Македонија на англиски јазик до Европската комисија, најдоцна до 16 мај 2025 година.

## Точка 8

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за потреба за основање на Факултет за медицински науки и здравство при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на буџетско учество за реализација на Заемот за изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026, 2027, 2028 и 2029 година за Заемот за изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за образование и наука да ја изготви апликацијата за Заемот за изградба и опремување на 30 училишни спортски сали во основните училишта и реконструкција на училишта, во износ од 20.000.000 евра и буџетско учество во вкупен износ од 7.140.000 евра, односно 3.000.000 евра учество во заемот и 4.140.000 евра ДДВ, и истата веднаш да ја достави до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за образование и наука да го обезбедат вкупното буџетско учество во вкупен износ од 7.140.000 евра, односно 3.000.000 евра буџетско учество во заемот и 4.140.000 евра за исплата на ДДВ, за период од три години, почнувајќи од 2026 година до 2029 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја проследи апликацијата за заем до Генералниот секретар на Советот на Европа по дипломатски пат, преку Постојаната мисија при Советот на Европа, најдоцна до 19 мај 2025 година.

Истовремено, потребно е Министерството за образование и наука, потребните средства да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи кои ќе бидат утврдени со фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2026-2030.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата во врска доставеното Барање за спогодбено раскинување на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84 и МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 30 дена, да формираат комисија, која ќе ја разгледа документацијата

доставена во прилог кон Барањето за обештетување, а со цел спогодбено раскинување на Договорот за концесија.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 60 дена, да ја информира Владата за работата на комисијата и да достави конкретен предлог за спогодбено раскинување на Договорот.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Христијан Николов, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор